Врз основа на член 65 став 6 од Законот за животна средина (Сл.весник на Република Македонија бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 ,51/11, ,123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) Градоначалникот на општина Македонска Каменица, на ден 05.11.2020 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ на Детален урбанистички план за блок 8, КО Каменица , општина Македонска Каменица кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена за влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Македонска Каменица www.makedonskakamenica.gov.mk

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена , донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план за блок 8, КО Каменица, општина Македонска Каменица нема да има влијание врз животната средина од следните причини : Согласно постојниот ГУП на градот Македонска Каменица на предметниот локалитет е предвидена класа на намени А1 – домување во станбени куќи, компатабилните класи на основната, комунална инфраструктура и заштитно зеленило. Според ГУП на Македонска Каменица на предметниот локалитет се предвидуваат содржини кои меѓусебно ги дополнуваат потребите на жителите со можност за присуство на дејности и капацитети што не ја загрозуваат животната срединаво и надвор од локалитетот, а се во согласност со сите финансиски и развојни политики, која се должи на начинот на стопанисување со градежното земјиште кое е во сопственост на имателите на катастарските парцели од што произлезе и потребата за изработка на овој детален урбанистички план за дел од градското подрачје на град Македонска Каменица.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија со седиште на плоштад Пресвета Богородица бр.3 , 1000 Скопје во рок од 15 дена од објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 12-1783/1
05.11.2020
с.р
Македонска Каменица

ГРАДОНАЧАЛНИК
Соња Стаменкова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА